**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**
**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

Арх. број 02-1066/7
2.12 2022 год.

Врз основа на членовите 173 и 174 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018) и членот 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје („Универзитетски гласник" бр. 411/2018), Научниот совет на Економскиот институт на својата 72. седница одржана на 02.12.2022 година, донесе

***ОДЛУКА***

*за избор на едно лице во соработничко звање асистент и засновање на работен однос*

1.М-р ***Теа Јосимовска***, врз основа на објавениот Конкурс во гласилата „Слободен печат" и „Коха" на 27.10.2022 година, како и Извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтенот на Универзитетот „Св, Кирил и Методиј" во Скопје (бр. 1272 од 15.11.2022 година), се избира во соработничко звање асистент во подрачјето на општествените науки, научно поле Организациони науки и управување (менаџмент), област претприемништво.

Изборот од ставот 1 на оваа точка се врши за време од три години, со можност за уште еден избор.

2.Со изборот во соработничкото звање асистент, лицето м-р Теа Јосимовска заснова работен однос во Економскиот институт - Скопје, со полно работно време.

Работниот однос се заснова почнувајќи од 7.12.2022 година.

Со лицето од ставот 1 на оваа точка се склучува договор заради регулирање на меѓусебните права, обврски и одговорности од работниот однос.

*ДОСТАВЕНО ДО*:
-именуваната;
-УКИМ;
-перс. досие;
-архивата

***ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАУЧНИОТ СОВЕТ***
**Д-р Зоран Јаневски**

Изготвил:
Лина Георгиевска
Проверил:
Коста Јовчевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ * СКОПЈЕ *